ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Група избирачи независен кандидат за Градоначалник на Општина Брвеница Енвер Пајазити Локални избори 2021 година Брвеница.

**Предмет на ревизија:**
Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања, заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:**
Дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
Учесникот во изборната кампања ги нема изготвено и ги нема доставено до надлежните институции дел од пропишаните извештаи, нема пристапено кон бришење на ЕДБ пред надлежниот орган, нема доставено поткрепувачки документи за извршената донација и за извршените расходи во вкупен износ од 216 илјади денари не е приложена поткрепувачка документација.

**Издадено мислење/заклучок*:** (неповолно)
Изразуваме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**

Ревизијата не дава препорака бидејќи се работи за група на граѓани кои еднократно за оваа изборна кампања го поддржуваат кандидатот.

**Клучни системски слабости:**
Преиспитување/уредување на регулативата за:
- финансирање на изборите со средствата од Буџетот наменети за редовното работење;
- пропишување на мерливи критериуми за обезбедување и распределба на средствата од Буџетот наменети за платено политичко рекламирање;
- утврдениот краен рок за уплата на донации, односно потребно е да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**

/

* (зелено) позитивно, (жолто) со резерва, (црвено) неповолно, (црно) воздржување



INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018